*Службен весник на Република Македонија бр.4/2002*

# ЗАКОН

**за задолжување на Република Македонија со кредит кај Европската инвестициона банка по Финансискиот договор за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа во износ од 20 милиони евра.**

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската инвестициона банка со кредит во износ од 20 милиони евра за глобално финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа.

Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Финансискиот договор помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за финансирање на мали и средни претпријатија и инфраструктурни проекти од локалната самоуправа.

Член 3

Реализацијата на кредитот од член 1 ќе започне преку Стопанска банка АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје, со можност согласно Финансискиот договор помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка во понатамошната реализација да се вклучат и други деловни банки од Република Македонија.

Народна банка на Република Македонија ќе го администрира кредитот во име на Владата на Република Македонија.

Член 4

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 од овој закон од страна на деловните банки ќе се утврдат со договори за позајмување кои во име на Владата на Република Македонија, министерот за финансии ќе ги склучи со деловните банки, а кои договори ќе бидат одобрени од Европска инвестициона банка.
Во договорите од став 1 на овој член ќе бидат дефинирани обврските на деловните банки во имплементирањето на кредитот.

Член 5

Рокот на отплата на кредитот за мали и средни претпријатија е 12 години вклучувајќи 3 години грејс период.
Рокот на отплата на кредитот за инфраструктурни проекти од локалната самоуправа е 15 години со пет години грејс период.
Каматната стапка која ќе се применува на кредитот се утврдува на денот на повлекувањето на средствата од страна на Европска инвестициона банка и може да биде фиксна или променлива.
Министерството за финансии ќе одлучи која каматна стапка ќе се применува на кредитот.

Член 6

Крајните корисници на средствата од кредитот ќе ги отплатуваат средствата на деловните банки. Деловните банки имаат обврска да ги сервисираат обврските кон Буџетот на Република Македонија, а од Буџетот на Република Македонија ќе се сервисираат обврските кон Европска инвестициона банка.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".